# #МладинскиЦели

**СТРУКТУРЕН ДИЈАЛОГ**

eu2018bg.bg

Българско председателство на Съвета на Европейския съюз

EU2017.EE

eu2018.at

European Commission

european youth forum

Прочитајте ги младинските цели онлајн

**Младинските цели претставуваат резултат од Структурниот дијалог со млади спроведен во периодот 2017-18 година. Тие ги претставуваат ставовите на младите од цела Европа**

## 1 ПОВРЗУВАЊЕ НА ЕУ СО МЛАДИТЕ

*Негување на чуството на припадност на младите кон европскиот проект и градење на мостови меѓу ЕУ и младите за враќање на довербата и зголемување на учеството.*

Сè повеќе млади немаат доверба во ЕУ, се соочуваат со потешкотии во разбирањето на нејзините принципи, вредности и функционирање. Демократскиот дефицит во процесите на ЕУ е детектиран како една од причините за зголемениот евроскептицизам меѓу младите.

- Гарантирање на конструктивното вклучување на младите и дијалог во сите фази на донесување одлуки во ЕУ преку подобрување на постојните механизми за учество и креирање на нови.
- Обезбедување еднаков пристап до квалитетни непристрасни информации прилагодени на младите за тоа како функционира ЕУ, како да се ангажираат во неа и какви можности нуди.
- Воведување и зголемување на образованието за Европа и ЕУ во формалните и неформалните средини.
- Гарантирање на правична застапеност на сите земји-членки во политичките и административните тела на ЕУ, во согласност со принципот на еднакво граѓанство.
- Зголемување на буџетот и влијанието на младинските програми на ЕУ.
- Градење на доверба кај младите за проектот ЕУ преку решавање на демократскиот дефицит, недостатокот на транспарентност и видливост.
- Институционализирање на проценката на влијанието и ефектот на политиките на ЕУ и нивното прилагодување на младите.

## 2 РОДОВА ЕДНАКВОСТ ЗА СИТЕ

*Гарантирање на родова еднаквоѕт и негување на родово-сензитивен пристап во сите области на живеење на младите*

Родовата дискриминација сè уште засега многу млади луѓе, особено млади жени. Треба да се обезбедат еднакви можности и пристап до правата за младите луѓе од сите пола, вклучувајќи ги и не-бинарните и ЛГБТКИ+ млади.

- Справување со дискриминацијата и обезбедување на еднакви права за сите пола во културниот, политичкиот и социо-економскиот живот.
- Постигнување на универзална свест за нееднаквоста и дискриминацијата на родова основа, особено во медиумите.
- Ставање на крај на родовото насилство, преку адресирање и справување сите негови форми.
- Елиминирање на стереотипните родови улоги и прифаќање на разновидни родови идентитети во образовните системи, семејниот живот, работното место и другите области од животот.
- Ставање на крај на структурната дискриминација на пазарот на трудот и обезбедување на еднакви права, пристап и можности.
- Ставање на крај на структурната дискриминација на пазарот на трудот и обезбедување на еднакви права, пристап и можности.
- Ставање на крај на структурната дискриминација на пазарот на трудот и обезбедување на еднакви права, пристап и можности.

## 3 ИНКЛУЗИВНИ ОПШТЕСТВА

*Обезбедување и гарантирање на инклузивноста на младите луѓе во општеството.*

Една третина од младите луѓе во Европа се изложени на ризик од сиромаштија и социјална екслузија. Многумина немаат пристап до нивните социјални права. Многумина и понатаму се соочуваат со повеќекратна дискриминација, доживуваат предрасуди и злосторства од омраза. Новите миграциски феномени доведоа до неколку предизвици за општеството и инклузијата. Затоа, од суштинско значење е да се работи на остварување на правата на сите млади луѓе во Европа, вклучувајќи ги и младите кои се маргинализирани и исклучени.

- Обезбедување на правна заштита и спроведување на меѓународните правни инструменти за борба против сите видови дискриминација и говор на омраза, препознавајќи го фактот дека младите се подложени на повеќе форми на дискриминација.
- Подобрување при споделувањето на информации со маргинализираните млади луѓе, со цел да се обезбеди гаранција за нивната свест за просторот, можностите и искуствата кои им се на располагање.
- Овозможување на еднаков пристап до формалните и неформалните средини за учење на маргинализирани млади луѓе, преку опфаќање на сите димензии на инклузија.
- Зајакнување на капацитетите на едукаторите за работа со маргинализирани млади луѓе.
- Обезбедување на повеќе простор, можности, ресурси и програми за поттикнување на дијалог и социјална соработка, како и борба против дискриминацијата и сегрегацијата.
- Зајакнување на социјалната поддршка преку имплементирање на правото на пристојна плата за живот, правични работни услови, универзален пристап до квалитетна здравствена заштита и обезбедување на конкретни мерки
- Вклучување на маргинализираните млади во сите процеси на донесување одлуки и обезбедување на клучна улога за младите, особено во процесите кои се однесуваат на нивните права, благосостојба и интереси.

## 4 ИНФОРМАЦИИ И КОНСТРУКТИВЕН ДИЈАЛОГ

*Обезбедување на подобар пристап до сигурни информации за младите, поддржување на нивната способност за критичка евалуација на информациите и вклученост во партиципативен и конструктивен дијалог.*

Младите имаат потешкотии во потврдување на точноста и веродостојноста на информациите. Тие треба да бидат посоодветно опремени за навигирање низ медиумскиот пејсаж и вклучување во конструктивен дијалог.

- Оспособување на младите луѓе со цел тие да станат критични и одговорни корисници и производители на информации.
- Унапредување на способноста за препознавање и пријавување на вестите кои постојано се повторуваат и имаат за цел да ги доведат читателите и гледачите во заблуда, како и унапредување на способност за потврдување на точноста на користените извори на вести.
- Унапредување на способноста на младите луѓе за препознавање и пријавување на говор на омраза и дискриминација, онлајн или офлајн.
- Унапредување на способноста на вклучување на младите луѓе во поучтив, потолерантен и ненасилен дијалог, онлајн и офлајн.
- Унапредување на способноста на вклучување на младите луѓе во поучтив, потолерантен и ненасилен дијалог, онлајн и офлајн.
- Обезбедување на лесен пристап до разбирливи информации кои се прифатливи за младите и кои ги следат етичките кодекси и стандардите за квалитет.
- Унапредување на вештините на родителите и старателите, како и сите оние кои се вклучени во образованието и обуката на младите луѓе, во врска со медиумите и дигиталнате писменост, и гарантирање на нивната улога како сигурни извори на информации за младите луѓе.

## 5 МЕНТАЛНО ЗДРАВЈЕ И ДОБРОСОСТОЈБА

*Унапредување на менталната добросостојба и ставање на крај на стигматизацијата на прашањата поврзани со менталното здравје, и на тој начин промовирање на социјалната инклузија на сите млади.*

Сè поголем број на млади луѓе ширум Европа ја изразуваат својата загриженост за распространетоста на прашањата поврзани со менталното здравје, како што се зголемениот стрес, анксиозност, депресија и други ментални болести меѓу нивните врсници. Младите го наведуваат огромниот општествен притисок со кој се соочуваат денес, и ја изразуваат потребата за подобри услуги за ментално здравје на младите.

- Поттикнување на развојот на самосвеста и начин на размислување кој не се фокусира единствено на промовирањето на конкуренција преку негување на пристапот за препознавање на индивидуалните вештини и предности.
- Заштитување на правото на работа и учење на лицата со ментални здравствени потешкотии за време на траењето на болеста и во периодот на опоравување со цел да се гарантира нивната способност за следење и унапредување на сопствените амбиции.
- Развивање на инклузивен меѓуресорен пристап во обезбедувањето на услуги за ментално здравје на сите, особено на маргинализираните групи.
- Обезбедување на квалитетна обука за прва помош за ментално здравје за сите професионалци кои работат со млади луѓе, како и за нивните семејства и пријатели.
- Обезбедување на инклузивен, достоинствен и добро финансиран третман преку вклучување на високо-квалитетно обезбедување на услуги за ментално здравје во сите медицински институции.
- Фокусирање на превентивните мерки кои ги оспособуваат младите луѓе со знаењата и вештините потребни за постигнување на подобра ментална благосостојба.
- Борба против стигмата околу проблемите со менталното здравје преку изработување на програми за информирање и подигнување на свеста.

# 6 УНАПРЕДУВАЊЕ НА СОСТОЈБАТА НА МЛАДИТЕ ОД РУРАЛНИТЕ ОБЛАСТИ

*Создавање на услови со цел да им се овозможи на младите да го достигнат својот потенцијал во руралните области.*

И покрај цврстата посветеност на руралниот развој во ЕУ, и со оглед на фактот дека до 2015 година скоро една третина од населението на ЕУ живееше во рурални средини, постојат значителни разлики меѓу живеењето во урбаните и руралните средини. Затоа, важно е да се обезбеди еднаквост за младите во урбаните и руралните средини.

- Обезбедување на соодветна инфраструктура во руралните области со цел да се гарантира правично давање на јавни услуги, пристап до податоци и можности за домување на младите луѓе.
- Обезбедување на одржливи, квалитетни работни места, достапни за младите луѓе во руралните средини.
- Обезбедување на децентрализација на различни активности од, за и со младите луѓе, со цел да се поддржи нивното вклучување и да се искористат локалните заедници.
- Обезбедување на активно учество на младите луѓе од руралните средини во процесите на донесување одлуки.
- Обезбедување на еднаков пристап до високо-квалитетно образование за младите луѓе во руралните
- Градење на позитивна слика за руралните области.
- Обезбедување на заштита на руралните традиции.



# 7 КВАЛИТЕТНО ВРАБОТУВАЊЕ ЗА СИТЕ

*Обезбедување на пристапен пазар на трудот со можности кои водат до квалитетни работни места за младите луѓе.*

Младите луѓе се соочуваат со голема младинска невработеност, несигурни и експлоативни работни услови, како и дискриминација на пазарот на трудот и работното место. Недостатокот на информации и соодветни вештини за идно вработување ги спречува младите целосно да се интегрираат на пазарот на трудот. Затоа треба да се преземат мерки со цел да се обезбеди квалитетно вработување за сите.

- Креирање на квалитетни работни места кои гарантираат правични работни услови, работни права и право на плата за достоинствен живот за сите млади.
- Обезбедување на социјална и здравствена заштита за сите млади работници.
- Гарантирање на правичен третман и еднакви можности за сите млади луѓе со цел да се стави крај на дискриминацијата на пазарот на трудот.
- Обезбедување на еднакви можности за развивање на потребните вештини и стекнување на практично искуство сите млади луѓе со цел да им се олесни преминот од процесот на образование на пазарот на трудот.
- Гарантирање на признавањето и валидацијата на компетенциите стекнати преку стажирање, практикантската работа и други форми на учење на работното место, како и волонтерство и неформалното образование.
- Обезбедување на вклученост на младите луѓе и младинските организации како еднакви партнери во развојот, спроведувањето, следењето и евалуацијата на политиките за вработување на сите нивоа.
- Обезбедување еднаков пристап до квалитетни информации и соодветни механизми за поддршка во подготовката на младите луѓе за пазарот на трудот и за идното работење кои не престануваат да се менуваат.

# 8 КВАЛИТЕТНО УЧЕЊЕ

*Вклучување и подобрување на различните форми на учење, со што младите се подготвуваат да се справат со животните предизвици на 21-от век кој постојано се менуваат.*

Образованието останува клуч за активното граѓанство, инклузивно општество и можностите за вработување. Затоа треба да ја прошириме нашата визија за образованието во 21-от век, фокусирајќи се повеќе на преносливите вештини, учењето приспособено кон учениците и неформалното образование со цел да постигнеме еднаков и универзален пристап до квалитетно учење.

- Обезбедување на универзален и еднаков пристап до квалитетно образование и доживотно учење.
- Обезбедување на пристап до соодветно, финансирано, признаено и потврдено неформално образование за сите
- Промовирање на отвореност и поддршка на развојот на меѓучовечките и меѓукултурните вештини.
- Креирање и имплементирање на повеќе персонализирани, партиципативни и кооперативни центри приспособени кон учениците во секој чекор од образовниот процес.
- Гаранција дека образованието ги обучува сите млади луѓе за животните вештини, како што се менаџирање со средства и здравствено образование, вклучувајќи и сексуално и репродуктивно здравје
- Инкорпорирање на методите во рамките на опкружувањето на формалното и неформалното образование кои им овозможуваат на ученикот да развие лични вештини, вклучувајќи критичко и аналитичко размислување, креативност и учење.
- Обезбедување на пристап за младите до граѓанско образование со цел да да се потковаат со солидно познавање за политичките системи, демократијата и човековите права, постигнати и преку искуства базирани на заедницата, со цел да се промовира активно граѓанско учество.

## 9 ПРОСТОР И УЧЕСТВО ЗА СИТЕ

*Унапредување на демократскиот учество и автономија на младите како и обезбедување на простор посветен на младите во сите области на општествениот живот.*

Младите луѓе се недоволно застапени во процесите на донесување одлуки кои влијаат врз нив, иако нивниот ангажман е клучен за демократијата. Тие треба да имаат пристап до физички простори во нивните заедници во поддршка на нивниот личен, културен и политички развој.

- Обезбедување на соодветно влијание на младите во сите области на општествениот живот и во сите делови од процесите на донесување одлуки, од дефинирањето на агендата до имплементирањето, следењето и евалуирањето преку механизмите и структурите прилагодени на младите со цел да се обезбеди гаранција дека политиките одговараат на потребите на младите.
- Обезбедување на еднаков пристап до секојдневното донесување на одлуки за сите млади без оглед на нивното различно претходно искуство.
- Зголемување на учеството на младите и на тој начин обезбедување на еднаква застапеност во изборниот процес, како и во избраните тела и другите органи за донесување одлуки на сите нивоа на општеството.
- Обезбедување физички објекти и инфраструктури под водство на младите, наречени младински простори дефинирани преку нивна автономност, отвореност и безбедност, како и достапност за сите, преку нудење на професионална поддршка за развој и обезбедување можности за учество на младите.
- Обезбедување на достапност до сигурен виртуелен младински простор за секој млад човек со пристап до информации и услуги, како и можности за учество на младите.
- Обезбедување на одржливо финансирање, заедничко признавање и развој на квалитетна младинска работа во насока на зајакнување на младинските организации и нивната улога во вклучувањето, учеството и неформалното образование.
- Обезбедување релевантни и сеопфатни информации прилагодени на младите, изработени од и со помош на младите луѓе, со цел да се гарантира учеството на младите.

## 10 ОДРЖЛИВА, ЗЕЛЕНА ЕВРОПА

*Креирање општество во кое сите млади луѓе се еколошки активни, образовани и способни да направат промена во своите секојдневни животи*

Во денешно време конзумираме на начин кој животната средина не може да го поднесе. Потребно е општеството да влијае против климатските промени и растечките еколошки закани. Но, нашето општество не може да надмине проблем кој не е спремен да го прифати. Токму затоа, сите, вклучувајќи ги и младите луѓе, мораме да преземеме одговорност за своите акции и импактот кој го имаме на идните генерации. Да се стане одржлив не е избор, туку обврска

- Да се осигура дека сите, вклучувајќи ги и младите луѓе, се свесни за ефектите на нивните акции врз животната средина
- Охрабрување на целото општество, особено младите луѓе, да делуваат како агенти за промени на животната средина и одржливиот развој
- Да се земе предвид влијанието врз животната средина на секоја политика и животна одлука, истовремено обезбедувајќи дека
- Зголемување на меѓународна соработка за отстранување на штетно производство и потрошувачка врз животната средина
- Поддршка и зајакнување на можностите за младите луѓе да волонтираат во секторот животна средина
- Да се осигура дека сите, а особено младите луѓе, имаат пристап до еко-пријателска инфраструктура за живеење во поодржлив животен стил
- Проширување на истражувањата и иновациите за изнаоѓање на еко-пријателски решенија и технологии



## 11 МЛАДИНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ И ЕВРОПСКИ ПРОГРАМИ

*Осигурување на еднаков пристап за сите млади луѓе до младински организации и Европски младински програми, градејќи општество кое се основа на Европски вредности и идентитет*

Младинските организации и Европските младински програми вклучуваат милиони млади луѓе за да го поддржат нивното граѓанство и да ги развијат нивните животни вештини. Сепак, младинските организации и Европските младински програми остануваат недоволно финансирани и имаат недостаток на препознавање и пристапност

- Обезбедување видливост и квалитетни информации за младинските организации и Европските програми, достапни за сите млади луѓе
- Обезбедување доволно ресурси од програмите на ЕУ за младинските организации да развиваат проекти, како и достапност до структурна поддршка за нивната мисија и нивната работа.
- Да се осигура дека младинските организации и Европските младински програми се добро поврзани со образовниот систем и да се признаат како засегната страна која обезбедува животни вештини и активно граѓанство
- Зголемување на достапноста на Европските младински програми, обезбедување на административни процедури соодветни за младите и обезбедување на поддршка и квалитетни информации за сите учесници и апликанти
- Поттикнување и поддршка на маргинализираните групи на млади да бидат активни во младински организации, младински групи и младински програми на ЕУ
- Зголемување на ресурсите и проширување на разновидноста на грантовите, како и диверзитетот на иницијативите достапни за младинските организации и младинските групи
- Обезбедување учество на младите луѓе во процесите на управување на Европските младински програми